РЕВИЈА ЗА ЛИТЕРАТУРА, КУЛТУРА И УМЕТНОСТ ГОДИНА XXV, БР. 140 (3/2021) ЦЕНА 50 ДЕН.

# СТОЖЕР



ДРУШТВО НА ПИСАТЕЛИТЕ НА МАКЕДОНИЈА · 1947 ·

ISSN 1409-6005

## „ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ“ 2021
КЕРОЛ ЕН ДАФИ

## „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“ 2021
ЛИДИЈА ДИМКОВСКА

## „ДАНИЦА РУЧИГАЈ“ 2021
ЉУБИНКА ДОНЕВА

## РАЗГОВОР СО КИЦА КОЛБЕ
АЛЕКСАНДРА ЈУРУКОВСКА

## СТАВ
ВАЊА ИЗОВА ВЕЛЕВА

## НАМЕСТО ВИЗИЈА: ЗА ДПМ, ЗА „СТОЖЕР“ И ЗА ЗАЕДНИЦАТА
ЖИВКО ГРОЗДАНОСКИ

## АМАРКОРД
ВЕНКО АНДОНОВСКИ

*„Домот и татковината се луѓето што ве љубат.“*

Кица Колбе, 2021

# СОДРЖИНА


03. **Обраќање**
Главен и одговорен уредник

04. **Златен венец – СВП 2021 г.**
Керол Ен Дафи

05. **Беседа за Керол Ен Дафи**
Елизабета Шелева

08. **Награда „Браќа Миладиновци“**
Беседа на Сашо Огненовски

09. **Песни од „Гранична состојба“**
Лидија Димковска

10. **Награда „Мостови на Струга“**
Владан Кречковиќ

12. **Награда „Даница Ручигај“ 2021**
Љубинка Донева

14. **„Земја на бегалци“ (извадок)**
Кица Колбе

15. **Разговор со Кица Колбе**
Александра Јуруковска

18. **„Витезот и Византијката“ (извадок)**
Кица Колбе

19. **Совршениот ткаеж**
Јелена Лужина за „Жените Гаврилови“

20. **Наместо визија: за ДПМ, за „Стожер“ и за заедницата**
Живко Грозданоски

23. **Антевиот тајнопис сè уште не е растајнет**
Иван Антоновски

26. **Антево слово**
Б. Ташковски и В. Урошевиќ

27. **Поетска ноќ во Велестово**

28. **Скопски поетски фестивал**

30. **Про-за Балкан**

31. **Јас сум човек кој пишува за да се разбере самиот себеси**
Мирча Картареску

32. **Став**
Вања Изова Велева

33. **Букстар 2021**

34. **Амаркорд**
Венко Андоновски

36. **Чедо Јакимовски – поет на лирската перфекција**
Беседа на Санде Стојчевски

38. **Еуродрам – избор нови македонски драми**
Иван Додовски

40. **Современа македонска проза**
Михајло Свидерски – „Ѕвездата“

41. **Современа македонска поезија**
Васил Дрвошанов

42. **Препеана поезија**
Мујо Бучпапај

43. **In memoriam**
Василе Димески

44. **In memoriam**
Атанас Вангелов

45. **In memoriam**
Разме Кумбароски

46. **Стари фотографии**

47. **„Волк“**
Блаже Конески

48. **Во одбрана на меморијата**
Јован Стрезовски


Пишува: Трајче Кацаров,
главен и одговорен уредник

## НАГРАДИТЕ ЗА ПРЕЖИВУВАЊЕ ИЛИ ЗА СПАСЕНИЕ



А. П. Чехов, кој постојано велел дека медицината му е жена, а литературата љубовница, живеел на сметка на својата љубовница. Сè поради тоа што не земал пари од луѓето коишто ги лекувал, од кои повеќето и немале да му платат. Живеел од приходите што му ги обезбедувала неговата љубовница – литературата. Со него живееле и членовите на потесната фамилија. Подоцна, по неколку децении, слично нешто ќе се најде во биографските белешки на С. Есенин. Токму тој, рускиот бунтовник за кој Мајаковски ќе испее стихови во кои ќе каже дека требало да има доволно мастило во мастилницата за да не се напишат последните стихови со крв, живеел колку што живеел единствено од хонорарите што ги добивал за објавените песни. Есенин, кој читал во Царско Село пред царицата Александра, која од неговите песни извлекувала само тага, Есенин кој читал пред Ленин, пред водачите на Револуцијата, за кои, пак, песните му биле премногу „волноумни“, со хонорарите од објавените песни ги одржувал во живот и двете сестри и мајка си. Кај Мајаковски, поетот на Црвениот Октомври, ситуацијата околу егзистирањето не била поинаква. Чешкиот поет Ј. Сајферт ќе напише дека, ако не биле песните, т. е. ако требало да пишува проза и да живее од нејзиното објавување, ќе умрел рано-рано, и тоа гладен. Буковски, најконтроверзниот американски писател, живеел како што ќе посака од хонорарите што ги добивал за своите дела, меѓу кои се вбројуваат и многу книги поезија.

Пред неколку години, за време на одржувањето на Струшките вечери на поезијата, на брегот на Охридското Езеро, се запознав со една учесничка од скандинавските земји. Ја прашав што работи. Таа ми одговори дека е поет. На прашањето дали егзистира од пишувањето поезија, таа ми повтори дека е поет. Во исто време бев и воодушевен и разочаран. Ѝ се восхитував на жената што рече дека по занимање е поетеса, а очајував зашто во нашата „Страдалница“ тоа не може да се случи ниту по илјада години.

Од неколкуте примери изнесени погоре во текстот, видовме дека може да се егзистира од литературата, поезијата, и кога за неа сте венчани, односно кога ѝ давате статус на љубовница. Овде, само по себе, ни се наметнува прашањето: Зошто кај нас е поинаку? Не само што не можеш да живееш од поезија, туку веќе на поезијата ѝ се губи трагата. Издавачите сè помалку ја издаваат. Министерството за култура сè помалку ја финансира. А оние што ја пласираат во јавноста како самиздат, не ја држат во живот, туку ја ништат од корен. На прашањето како гледа на односот на црквата кон ковид-пандемијата, прославениот интелектуалец Славомир Жижек одговара: „Црквата како институција не се грижи за излекување на човештвото, туку за негово спасение“. Во нашава „Страдалница“ наградите за литература, во која спаѓа и поезијата, не се доделуваат за да преживее литературата, туку за спасение на писателите. За спасение, зашто од наградата не може да живее, ама пак неговото име ќе може да си обезбеди вечен спокој после неговата смрт.



ЈУБИЛЕИ

# „АНТЕВИОТ ТАЈНОПИС СÈ УШТЕ НЕ Е РАСТАЈНЕТ“

## (НАПОМЕНА ЗА ИДНОТО ИСЧИТУВАЊЕ НА АНТЕВОТО ТВОРЕШТВО)

Иван Антоновски

Во годината кога се навршуваат 90 години од раѓањето на великанот Анте Поповски, да се повтори и истакне дека тој е една од најзначајните творечки личности – придвижници и стожерници на македонскиот XX век, поет којшто и ѕвездите ги научи да шепотат на македонски, мислител, филозоф, исклучителен познавач на историјата и книжевен преведувач, но и стожерен општественик и родољуб, се чини дека е потребно заради нормата на поводното и пригодното искажување за личност со творечки опус од таков вонсериски формат. Но сето тоа е веќе апсолвирано од македонската книжевна и културна историја и неговото потврдување е само уште едно изнесување на непобитните факти за исклучително комплексната творечка фигура на великиот Анте. Од друга страна, да се истакне дека Анте Поповски е творец кон кој имаме голем долг е повеќе од потреба заради поводот и пригодата – тоа е обврска, и морална, односно етичка, но и книжевно-историска. Не само затоа што траекторијата и вредносната вертикала на македонската книжевност и македонската култура ќе беа поразлични без Антевиот творечки влог, туку затоа што објективно, тајнописот на творештвото на Анте Поповски сè уште не е растајнет. И затоа, овој пат, тоа мора да го истакнеме.

Деведесетгодишнината од неговото раѓање е повод за тоа, но причината е многу посуштинска и поважна (како и за сè друго за кое причината е поважна од поводот) – нужно е да го растајниме тој тајнопис до крај, оти само така ќе можеме да кажеме дека сме разбрале колкав долг имаме кон великиот Анте.

Станува збор за творештво на коешто постојано треба да му се навраќаме – творештво коешто одново треба да го прочитаме и интерпретираме, затоа што во него има многу сè уште нерастајнети и недоволно вреднувани сегменти, недопрени интерпретативни рамништа. Се чини дека вака звучи најчесто употребувана фраза на книжевната критика при осврнувањето кон творечките опуси на книжевните великани, особено кога одбележуваме важни јубилеи поврзани со нивниот живот и дело. Неоспорно е дека едновремено, ова е речиси и најбаналната и највистинитата фраза што се употребува во книжевно-теориските, неретко поводни осврнувања кон творештвото на авторите кои се магистрални во една национална книжевност, а и надвор од националниот, културен контекст на книжевното вреднување. Затоа што книжевната наука постојано овозможува нови пристапи и алатки за исчитување на книжевниот текст – редефинирани, реактуализирани и нови теории, со коишто секогаш можеме и ќе можеме поразлично од претходно да исчитаме, вреднуваме, коментираме и анализираме еден ист книжевен текст. Дотолку повеќе што веќе со децении, со својот мултидисциплинарен пристап, на помош е и културологијата. Оттука, оваа фраза ќе може да се употребува и уште долго во времето што е пред нас, и секогаш да звучи целосно вистинито, убедливо и издржано, но можеби и уште побанално од денес.

Но кога се говори за растајнувањето на творечкиот опус на Анте Поповски, посочувањето дека станува збор за опус кој сè уште не е доволно истражен и во кој има недоволно вреднувани сегменти и недопрени интерпретативни рамништа, не е фраза – и ни малку не е флоскулно и банално, а е исклучително вистинито. Како што при промовирањето на поетската книга „Две тишини" ќе каже Гане Тодоровски: „ни преостанува, се разбира, во литературно-критичка смисла да се доречеме за особеностите на Антевото и антевското пеење и мислење". Преостанат е еден целосно неистражен, недоволно коментиран и недоволно вреднуван, а клучен дел од Антевото творештво – Антевиот есеј, со којшто, како што во една друга пригода ќе истакне Тодоровски, Анте Поповски „отвори ширум порти за влез во неразораната целина на нашата духовна и историска самооценка".

За жал, во критичко-книжевното поимање, есејот од творечкиот опус на Анте ја споделува судбината на есејот во перцепцијата и осврнувањето кон творечките опуси на речиси сите автори на есеи, коишто според бројот на објавите (ама не секогаш и според суштинското значење), доминантно се имаат изразено преку друг жанр – како што во конкретниот случај, неприкосновена доминанта е поезијата. Судбина на погрешно перципиран спореден, маргинален жанр, којшто и во случајот на Антевото творештво го има не поради некакво намерно заобиколување или намерно несоодветно вреднување, туку како резултат на односот на книжевната критика, а не помалку и на книжевната теорија како нејзин стожерник, кон самиот есеј како форма на израз. Ама заради таквиот рефлектирачки однос кон есејот како форма (или како жанр), се чини за не мал број творечки опуси многу нешта остануваат нерастајнети, оти клучот на растајнувањето е токму во есеистичките текстови коишто се во метајазична врска со другиот дел од опусот.

Затоа, не би можеле во целост да се согласиме или би можеле само делумно да се согласиме со согледбата на Гане Тодоровски дека „сепак, вреднувањето на Антевата и антевската поезија е одамна започнато како оценувачки чин, па нам ни преостанува, се чини колку да прифатиме во смисла на конвенцијата некои веќе соопштени вреднувања или да извршиме почетни обиди за корекција на соопштеното". Ниту корекцијата на соопштеното, ниту извесно заокружување на оценувачкиот чин на Антевото творештво е остварливо без суштинско, темелито исчитување на Антевите есеи, и тоа не како засебен, одделен сегмент на Антевиот опус, туку во контекст на неговиот севкупен творечки подвиг, токму заради метатекстуалната релација и поврзаност меѓу есејот на Анте Поповски со неговата поезија, но и со неговото севкупно творечко дејствување.

Додека Блаже Конески во своите есеи ја објаснува песната, нејзината генеза, суштина и смисла, образложувајќи ја простата и строга македонска песна, Анте Поповски, придржувајќи се до роланбартовското гледиште дека „најдобрата критика за песната е самата песна", воопшто не се обидува ниту има за цел да говори за општите поетички места на своето поетско творештво или пак да го дообјаснува, туку на непоетски начин отвора прашања за она што во суштина е тема и мотив во неговата поезија. Поаѓајќи од рамништето на темата и мотивот се остварува метајазичната врска есеј – песна во опусот на Поповски, при што преку речта на есеистот Анте се доаѓа до големата слика за сето она што е заднина на поттикот, потребата, стремежот, ама и јанѕата на поетот Анте. Со други зборови, во есеите на Анте експлицитно е кажано она што имплицитно, метафорично и поетски загадочно е кажано во неговата поезија – она што е меѓу и зад стиховите. Во есеите на Анте Поповски е тајнописот и на неговата поезија.

За љубов на вистината, како што би рекол Конески, при своето дебитирање на книжевната сцена, по објавувањето на „Одблесоци", од генерациски блиските проследувачи на книжевноста Анте Поповски е дочекан и со оцени коишто не кореспондираат со денешната валоризација на таа прва Антева поезија. Па така, на пр. Матеја Матевски, во педесеттите години, ќе рече дека Анте остварува „упорно, тешко, искушително барање себеси во поезијата", „мачно барање на она што се вика свој глас во поезијата, со неколку песни што можеа да го навестат но не и сосема доволни да го потврдат", велејќи и дека станува збор за „младичко лутање, една авантура во пределите на мотивите, често забележани и плиснати повеќе надворешно отколку како внатрешна, длабинска инспирација" и за „можности на човек што уште не ја нашол правата боја на своето поетско небо". Иако далеку поафирмативни, недоволно аналитични согледби доживува и книгата „Вардар", во којашто е поместена и магистралната творба „Самуил". Впрочем, вакви се согледувањата за некои творечки фази на Анте Поповски, коишто ги претставува и Миодраг Друговац во неговата „Историја на македонската книжевност – XX век". Но, ако се оствари неопходниот, темелит прочит на Антевата есеистика во контекстот на целината на неговиот опус, ќе се случи и она што Гане Тодоровски би го нарекол „почетна корекција на соопштеното". Затоа што заумноста на поетскиот израз, на места нескриениот крик, мотивската повеќеобразност, тематската разноликост и сето она што како „критичка етикета" е ставено врз првите творечки фази на поетот Анте Поповски, не е резултат на „творечки лутања и себепотраги", туку поетска рефлексија, одраз и резултат на потребата да се пее и со поетска реч да се промислува за прашањата со коишто Анте се судира во неговиот интелектуален универзум, којшто не е апстрактен и субјективен, ами се темели врз факти, истражувања и исклучителна упатеност во повеќе научни и општествени сфери – засведочено во неговите есеи, коишто не случајно започнува да ги објавува во текот на своите последни творечки фази. За да биде појасно видливо сето она што во неговата поетска реч се чини заумно, метафорично поместено на подлабоки интерпретативни рамништа, до коишто секогаш не се доаѓа при првичниот прочит на Антевата песна.

Во еден текст (освен доколку не е магистерска или докторска теза), невозможно е да се претставаат сите поврзаности на Антевата есеистика и Антевата поезија – нераскинливите синтези. Затоа, овој пат ќе посочиме само на една клучна Антева тема, на еден клучен Антев мотив којшто не може во целост да се

толкува при прочит на Антевата поезија ако се нема предвид и Антевиот есеј – средновековието. Го посочуваме со надеж дека ова ќе биде поттик и повод за размисла при следните навраќања кон творештвото на Поповски, за коишто, несомнено, не е потребно да чекаме следен јубилеј...

При анализа на есеистичкиот опус на Анте Поповски, нужно се отвора и прашањето за категоризирањето на Антевиот есеј според постојните класификации. Не станува збор за есеи коишто се (само) книжевни, најмалку поетски, туку за есеи коишто се и научни или, доколку би излегле од и онака не многу цврсто канонизираните класификации на есејот: научно-книжевни. Затоа што тие не се химнични прикази на импресии и субјективни гледишта, ами настојуваат да се потпираат на факти и фактографија, реферираат на обемни повеќегодишни истражувања или промислувања и вонсериска упатеност во соодветната литература – книжевно-теориска и историографска. Според сите мерливости, тие се пред сè научни. Книжевното (ако воопшто е или ако е само книжевно) отворање прашања и дилеми, укажувањето на некои констатации, кај Анте Поповски само навидум излегува од предвидливиот опфат на науката. Или само ни се чини дека излегуваат од тој научен оптимум, затоа што го остваруваат и она што науката треба да го прави, а не го прави секогаш или го прави ретко – согледувајќи ги фактите, отвора прашања и упатува укажувања коишто се историска рефлексија – опомена од минатото за иднината, а искажана со јазик и речник својствен на Анте, којшто ја избегнува вообичаената научна стерилност на изразот.

Оттука, во овој контекст, за натамошно навраќање кон Антевиот опус, повод, но многу повеќе причина, е и една дилема со којашто би се соочил секој што ќе се задлабочи во Антевиот есеизам – есејот којшто отвора толку комплексни прашања е научен, книжевен, научно-книжевен или посебна категорија есеј на врвен интелектуалец, којашто ја еманира севкупната негова ученост и ерудиција?

Не случајно ја издвојуваме активата на Анте Поповски како есеист во сферата на среновековието, оти преку темелитиот прочит на Антевите есеи не ќе се растајни само неговиот творечки опус, туку и тајнописот на неговиот севкупен профил како интелектуалец на македонскиот XX век. Должни сме да напоменеме дека во одредниците со неговата биографија недостига клучен податок – Анте Поповски е и медиевист, одличен, врвен познавач на средновековната книжевност и воопшто на средновековието. Неговата продлабочена студија за поетиката на старите црковнословенски записи, иако навидум првично перципирана како увод и завршница – есеј, во неговото монументално дело „Глас од дамнина", досега е неповторена од македонската книжевна наука, од аспект на темелитоста и сеопфатеноста.

Но исклучително важно, во овие текстови Анте Поповски инсистира средновековниот ракопис да не се третира само како историски споменик и изворник за јазична анализа, туку како книжевен текст, врз кој може да се применуваат современи книжевни теории. Затоа и го цитира Ролан Барт: „На литературата не може да се гледа како на секој друг производ на историјата, туку точно оваа посебност на делото во извесна мера ѝ противречи на историјата, со еден збор, делото во својата суштина е парадоксално, едновремено тоа е белег и на една историја, но и противставување на таа историја... Да не бараме од историјата повеќе од она што може да ни го даде: таа нам никогаш нема да ни каже што се случува во еден писател во мигот дури пишува. Би дошле до поубави резултати доколку обратно го поставиме проблемот и доколку се запрашаме што ни говори некое дело за своето време". За да укаже потоа дека и истражувањето на средновековните ракописи „подеднакво им припаѓа и на историјата, и на славистиката, и на лингвистиката, и на психологијата, и на социологијата, и на филозофијата", напоменувајќи дека мотивот за неговиот подвиг нема конкретни амбиции ниту во една од овие области зашто во „мојот пристап водечко е чувствувањето на записите како праоблик, како праматерија на поетското чувствување и мислење на еден народ, низ времињата, низ вековите." Анте и нагласува: „сакал некој или не, сеедно каков метод и постапка ќе избере во својот пристап, би било илузорно да верува дека тој ќе може нешто да направи без компарирања и без навлегувања и во области што се чисто историски, чисто лингвистички или чисто социолошки".

Со навраќањето на ваквите ставови се отвораат и две прашања:

- Дали уште во осумдесеттите години Анте го загатна пристапот кон мултидисциплинарно исчитување на книжевноста кој подоминантно стана присутен кај нас со популаризацијата на т.н. културолошки студии?
- Дали настојуваше и успеа да иницира читање на средновековниот ракопис како книжевен текст на кој треба и може да се примени севкупната апаратура на книжевната наука, а не само некои „сакрализирани пристапи" на историографско/позитивистичко или догматско читање на средновековната книжевност?

Тајнописот на есеите на Анте, вклучително и на оние за средновековието, не е растајнет... А дури е нерастајнет тајнописот на Антевите есеи, нарастајнет е и неговиот творечки опус. Ако се обидеме да го растајниме, можеби и ќе си одговориме на прашањето коешто заслужува одделно внимание од македонската книжевна наука – дали есејот на Анте е само есеј?

Да го сториме тоа – оти така и ќе се обидеме да го растајниме тајнописот на севкупниот Антев опус. Оти тоа ни е долг – и тоа е доволна причина да не чекаме следен јубилеј како повод да се случи ваквото повторно исчитување на опусот на Анте Поповски...

П. С. Искрено посакувам овој текст да звучи анахроно и неактуелно кога ќе ја одбележуваме стогодишнината од Антевото раѓање. А тоа значи, дотогаш веќе да се случи новиот, темелит прочит на Антевите есеи. Но тоа ќе значи почеток на ново исчитување на целиот Антев опус, дури и на она што сме мислеле дека докрај сме го исчитале...

ВО ОДБРАНА НА МЕМОРИЈАТА

# ЛАФ-МУАБЕТ СО... ЈОВАН СТРЕЗОВСКИ

Во својата скромност, признава дека е најголемиот жив струшки поет. Наспроти тврдењето на многумина дека од поезијата не се живее, тој е очигледен пример дека не само што може да се живее од неа, туку и да си има – „мерцедес“, без – личен возач.
П. С. Директор е на Струшките вечери на поезијата.

**Во овие претпразнични Струшки вечери, Јово, ми личиш на Јован Златоуст!**

– Од каде го најде, пак, сега ова, кога немам многу златни заби, ниту златна уста?!

**Уште од лани сè ми е познато за годинашните Струшки вечери, но за секој случај, ако има нешто ново – кажи!**

– Новото е во новите чувства на учесниците.

**Имам впечаток дека те мачат лански проблеми. Што ти е најтешко?**

– Да се спровирам низ нечии тесни видици.

**Три-четири години не си скрстил раце?**

– Само глупавите седат со скрстени раце за време на работата. Умните повеќе сакаат да ги прекрстат нозете.

**Сè тече – ти не се менуваш?**

– Затоа се викам – Јован Стрезовски!

**Добро, што мисли Јован Стрезовски: до кога умните ќе попуштаат?**

– Сè додека ја држат таа привилегија.

**И овцата постојано му попушта на волкот, дали тоа значи дека е поумна од него?**

– Не е поумна, но е – помудра.

**– Секоја година, поради Струшките вечери, контактираш со стотици културни институции и писатели од странство, но досега не си преведен преку граница?**

– Мислам дека премногу сме преведувани во странство, посебно во квантност. Мене, лично, многупати ме превеле – жеден преку река.



**– Чув дека и за годинашниве Вечери си купил бел костум. Дали тој ќе ти го обели и образот?**

– Нема потреба, бидејќи тенот ми е – црн.

**– Во Домот на поезијата имаме и „кујна“ и се знае кој „готви“ и „сервира“, но „трпезаријата“ ни е сè потесна за гостите!**

– Специјалитетите се јадат од нога...

**– Е па, Стрезо, нека ви се на здравје вечерите и ручеците!**

*Муабетот го водеше: Киро Донев*

*ОБЈАВЕНО ВО „ВЕЧЕР“*

*14 август 1976 година*


**Издавач:**
Друштво на писателите на Македонија
**За издавачот:**
Соња Стојменска-Елзесер (претседател на ДПМ)
**Издавачки совет:**
Мито Спасевски (претседател)
**Редакција:**
Трајче Кацаров (Главен и одговорен уредник)
Виолета Танчева-Златева
Делвина Крлуку
Живко Грозданоски
Александра Јуруковска
Марија Гиревска

**Лектор и коректор:**
Виолета Танчева-Златева

**Портрет за насловна страница:**
Капка дизајн

**Дизајн:**
Бранко Прља

Ул. Максим Горки бр.18, 1000 Скопје, РС Македонија
Тел./факс: 02/3228-039,
e-mail: redakcijastozer@gmail.com

**Печати:**
Алма Графика – Скопје

Жиро Сметка: 300000000590669
Депонент: Комерцијална Банка А.Д. Скопје
ДПМ за „Стожер“

Со решение бр.02-410/1 од 9.7.1996 година Секретаријатот за информации „Стожер“ е запишан во регистарот на весници и за него се плаќа данок по повластена даночна стапка. Ракописите и фотографиите не се враќаат. Ревијата излегува со финансиска поддршка од Министерството за култура на РСМ.